**Извештај на Комисијата за доделување на наградата**
**„НИКОЛА МЛАДЕНОВ“**
**за најдобрата истражувачка сторија во 2017**

Во рамки на заложбите на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) за поддршка на истражувачкото новинарство во земјава, Комисијата за избор на најдобрата истражувачка сторија за 2017 година, во состав:

- **Меваип Абдиу, сопственик на ТВ Коха**
- **Анета Додевска, заменичка на главниот уредник во ТВ 24**
- **Марко Трошановски, претседателна Институтот за демократија - Социетас Цивилис**
- **Јасна Бачовска Недиќ, професорка на студиите по новинарство при УКИМ**
- **Билјана Петковска, директорка на МИМ**

**ДОНЕСЕ ОДЛУКА**

**Првата награда за најдобрата истражувачка сторија за 2017 година да и се додели на Менче Атаносова Точи за серијалот текстови за сомнителниот паралелен увоз на лекови, објавени на интернет-порталот НоваТВ.**

Истражувањето третира исклучително важна тема од интерес на граѓаните, што се фокусира на еден од клучните проблеми на здравствениот систем – квалитетот на лековите. Преку темелно истражување и обработка на голем број извори и обемни податоци, новинарката обелоденува наоди за увоз на фалсификувани лекови кои го довеле во опасност здравјето на пациентите. Серијалот текстови покажува сериозни злоупотреби од страна на институциите, манипулирање на граѓаните, богатење на одредени фармацевтски моќници, носење закони по терк на претходната власт, со образложение дека паралелниот увоз овозможува намалување на цената на лековите.

Комисијата констатира дека новинарката демонстрирала исклучителна професионалност и посветеност во обработка на сериозна и чувствителна тема, која предизвикала бројни реакции во јавноста, но и реакции на надлежните институции кои резултирале со соодветни предлози за законски измени.

**Втората награда за најдобра истражувачка сторија за 2017 година да им се додели на тимот новинари на БИРН Македонија за истражувањето „Странските инвестиции под лупа“, објавено на интернет-порталот Призма.**

Истражувачкиот проект ја разоткрива мистеријата за реалниот обем и ефектите од странските инвестиции во изминатите 10 години и за нетранспарентна политика на државна помош за привлекување странски инвеститори. Преку серијал текстови и креирање интерактивна база на податоци за бројот на инвестиции, нивната вредност, структура, реализирани вработувања итн., новинарите на БИРН и овозможија на јавноста сеопфатен увид во реалната вредност на инвестициите, наспроти ветувањата и информациите од претходната влада, како и за неоправданото трошење на огромни суми од државниот буџет за поддршка на влезот на странски инвестиции.

Жирито смета дека тимот новинари-истражувачи на БИРН демонстрирал извонредно висок капацитет за истражување, анализа и иновативно организирање на огромен број податоци, кои се исклучително функционални и отворени за сите граѓани и други заинтересирани страни.

**Третата награда во изборот за најдобра истражувачка сторија за 2017 година ја делат Петар Клинчарски за сторијата „Изгубени во 1000 преводи“ објавена во емисијата „360**

**степени“ на ТВ Алсат-М и Лиридона Вејсели за сторијата „Каде е штабот на џихадистите во Македонија?“ објавена на интернет-портал Журнал.**

Истражувањето „Изгубени во 1000 преводи“ открива сериозни контроверзи и сомнежи за корупција во постапките за превод на стручни книги од странство кои се користат за образување на илјадници студенти. Сторијата, во прв план ги разоткрива недоследностите од аспект на квалитетот на преводот и парите кои државата ги троши за таа намена. Преку темелно и професионално истражување, новинарот открива дека државни средства наменети за преводи на стручна литература се концентрирале во исти фирми блиски до претходната власт.

Сторијата „Каде е штабот на џихадистите во Македонија?“ го разработува проблемот со лицата кои ја напуштаат земјата за да војуваат на боиштата во странство и начинот на кој институциите се справуваат со нив по враќањето во земјава. Демонстрирајќи исклучителна храброст и посветеност, преку консултирање на повеќе извори и обработка на официјални податоци, новинарката на јавноста и открива ексклузивни моменти поврзани со начинот на врбување и регрутација на борци од земјава и она со што тие се соочиле на боиштата на блискиот исток и по враќањето дома.

Комисијата одлучи да и додели **пофалница на Славица Филиповска** за демонстрираниот исклучителен новинарски израз и квалитетна обработка на сторијата „Колку време ни треба да го уништиме најстарото езеро во Европа?“ објавена во емисијата „360 степени“ на ТВ Алсат-М.

Со оглед дека комисијата имаше исклучително тешка задача да ги избере најдобрите стории, членовите одлучија да го истакнат новинарскиот ангажман и посветеност во истражување на значајни теми, на новинарот на Макфакс, **Кристијан Ландов** за сториите: „Каде завршувале парите од донации во Домот за деца без родители ‘11 Октомври’?“, „Физичка тортура и понижување – суровата реалност на македонските текстилни работнички“ и „Македонија ја губи битката со загадениот воздух – смртните случаи во пораст“.

На конкурсот што МИМ го објави по седумнаесетти пат, се пријавија 38 автори, со вкупно 60 стории обработени во 154 текстови/прилози, што се објавени на Интернет портали, во телевизии, во дневни весници и во неделници.

Членовите на жири-комисијата и годинава изразија задоволство од бројот и од квалитетот на пријавените стории, кои во најголем дел обработуваат актуелни, значајни и интересни теми од исклучителен интерес на граѓаните. Според комисијата, охрабрувачки е големиот број млади новинари кои учествуваа на конкурсот, што несомнено укажува на сѐ поголемиот интерес кај помладите новинари да практикуваат истражувачко новинарство.

Жирито смета дека истражувачките проекти финансирани од странски донатори моментално се главен двигател на истражувачко новинарство во земјата. Според нив, новинарите кои се ангажирани во такви проекти имаат значителна предност во однос на другите колеги, пред сѐ од аспект на расположливите ресурсите за реализирање на квалитетни истражувања. Жири-комисијата и оваа година го констатираше недостатокот на пријавени стории од редакциите на албански јазик.

Наградите за најдобра истражувачка сторија МИМ ги доделува традиционално од 2001 година со цел да го поттикне и афирмира истражувачкото новинарство, како врвно достигнување во новинарската професија и чувар на демократските вредности. Од 2013 година, наградата го носи името на трагично загинатиот уредник и сопственик на неделникот „Фокус“, Никола Младенов.

Скопје, 20 март 2018 година